ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2022 ГОДИНА НА
# ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2023 07 06/2

Скопје, март 2024 година

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Шуто Оризари, сметка на основен буџет (637) за 2022 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи за 2009 година на Општина Шуто Оризари и изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

Со ревизијата ги утврдивме следните состојби:

- во материјалната и сметководствена евиденција не се евидентирани објекти за кои општината поседува имотен лист и не е извршен попис на средствата и обврските;
- ненаплатени побарувања од вработени од минати години;
- слабости во начинот на ангажирање на лица за извршување на јавни работи кои се во надлежност на општината;
- неправилности во исплатата на надоместок за учество на седници на советниците и
- извршени се набавки на стоки и услуги за кои не се спроведени постапки за јавни набавки.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Од страна на градоначалникот на Општина Шуто Оризари не се доставени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 1 |
| 2. Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи | 5 |
| 4. Законска основа за ревизијата и временски период | 8 |
| 5. Опфат и ограничувања | 9 |
| 6. Одговорност за финансиски извештаи | 9 |
| 7. Одговорност на ревизорите | 9 |
| 8. Одговор на ревидираниот субјект | 11 |
| Финансиски извештаи за 2022 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 12 |
| Биланс на состојба | 13 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 14 |
| Вовед | 15 |
| Сметководствени политики | 17 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 19 |

Прилози

Прилог бр.1 Набавки на стоки и услуги без постапка за јавна набавка

## Список на кратенки

| | |
|---|---|
| ИЛ | Имотен лист |
| ЈУ | Јавна установа |
| КО | Катастарска општина |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 16-244/8
Дата: 13.03.2024

## 1. Вовед

Општина Шуто Оризари е единица на локалната самоуправа формирана согласно Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија[1]. Нејзиното подрачје ги опфаќа селата Горно и Долно Оризари.

Општина Шуто Оризари се наоѓа на подрачјето на градот Скопје и со член 15 од Законот за градот Скопје[2] се регулирани нејзините надлежности од јавен интерес од локално значење што се однесуваат на: урбанистичкото планирање, заштита на животната средина и природата, локалниот економски развој, комуналните дејности, културата, социјалната заштита и заштитата на децата, образованието, здравствената заштита, спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив, надзор над вршењето на работите од нејзина надлежности и други работи определени со закон.

[1] „Службен весник на Република Македонија" бр. 55/04,12/05, 98/08, 106/08 и 149/14
[2] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04 и 158/11

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи од страна од 12 до 14 на Општина Шуто Оризари, на сметката на основен буџет (637), за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Шуто Оризари за 2022 година на сметката на основен буџет (637) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на ден 31 декември 2022 година на сметката на Општина Шуто Оризари, како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Шуто Оризари за 2022 година, на сметката на основен буџет (637), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI стандардите се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Од извршениот увид во документацијата поврзана со имотот со кој располага Општина Шуто Оризари, утврдивме дека општината поседува имот запишан во Агенцијата за катастар на недвижности за кој не се преземени активности за проценка на вредноста и негово сметководствено и материјално евидентирање и тоа:

- објект на ул. „Нов Живот“ бб[3] стекнат врз основа на Решение[4] за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект. Со Одлука[5] на советот на Општина Шуто Оризари овој објект се отстапува без надомест во владение на Министерството за внатрешни работи со цел отворање на полициско одделение во општината;
- објект, детска градинка со имотен лист[6], изграден врз основа на Одобрение за градење[7], со средства од донации[8] врз основ на договори во вкупна вредност од 59.262 илјади денари;
- објект на ул. „Индира Ганди“ бр.156[9], стекнат врз основа на Решение[10] на Основен Суд Скопје 2. Истиот се отстапува на користење на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на Град Скопје - одделение за остварување на правата на социјална и детска заштита врз основа на договори за период од две години почнувајќи од 2011 година;
- објект - општинска зграда на ул. „Хаџи Јован Шишко“ бр.36[11] кој е седиште на општината, стекнат врз основа на Решение[12] за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект.

Ваквата состојба на нецелосно евидентирање на недвижниот имот не е во согласност со член 64 од Законот за локалната самоуправа каде е дефинирано дека вредноста на сопственоста на општината се проценува и искажува при изготвување на годишната сметка и член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници кој предвидува внесувањето на податоците во деловните книги на буџетите и буџетските корисници да се заснова врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи, што има за ефект нереално и необјективно прикажување на средствата во деловните книги и Билансот на состојба на ден 31.12.2022 година.

---

[3] ИЛ 106813 КО Бутел 85 $м^2$ деловни простории, 76 $м^2$ останати помошни објекти и 17 $м^2$ гаража
[4] УП. бр. 10-4/1 од 18.05.2018 година
[5] Бр.08-306/9 од 25.02.2019 година
[6] ИЛ 108584 КО Бутел со површина од 1.240$м^2$ приземје и 498 $м^2$ кат 1, 118$м^2$ подрум
[7] Бр. 10-599/5 од 08.06.2018 година
[8] UNDP – УНДП Програма за развој на Обединетите нации
[9] ИЛ 14208 КО Бутел деловни простории со површина од 92м2
[10] ВПП бр. 84/18 од 29.11.2018 година
[11] ИЛ 107936 КО Бутел 243 $м^2$ приземје, 203 $м^2$ кат, 24$м^2$ ходници и скали и 9 $м^2$ помошни простории
[12] УП. бр. 10-1/4 од 03.09.2020 година

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за проценка на вредноста на недвижниот имот сопственост на општината од овластен проценител и негово евидентирање во сметководствената евиденција, согласно законските прописи.

3.1.2. Согласно член 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, секој буџетски корисник е должен најмалку еднаш годишно да врши усогласување на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба што се утврдува со попис на 31 декември, а со членовите од 29 до 35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници регулиран е начинот на организирање и спроведување на пописот.

Општина Шуто Оризари нема извршено попис на средствата и изворите на средства со состојба на 31 декември 2022 година. Непочитувањето на обврската предвидена со законските и подзаконските акти, предизвикува неможност да се утврди фактичката состојба на средствата и обврските и да се изврши усогласување со сметководствената состојба што влијае на реално искажување на истите во финансиските извештаи.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за организирање и извршување на пописот согласно Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот.

3.1.3. Во Билансот на состојба на ден 31.12.2022 година евидентирани се побарувања од вработените во износ од 3.418 илјади денари, кои се однесуваат на побарувања за поврат на средства за исплатени паушали на градоначалник[13] и членови на советот[14]. За истите општината не поседува документација од која ќе може да се потврди основот и преземените мерки за поврат на средствата, од причина што во 2018 година и 2023 година уништен е документиран материјал со решенија од Државниот архив[15].

Поради не извршен попис, не е утврдена фактичката состојба и не е донесен предлог за начинот на постапување со овие побарувања.

[13] Побарување евидентирано од 2010 година
[14] Побарувања евидентирани од 2017 година
[15] За период од 1997 - 2011 година со Решение бр. УП I 17-32 од 04.04.2018 и за период од 2000 -2018 година Решение бр. УП I 17-92 од 15.08.2023 година

Препорака:

Градоначалникот да донесе решение за формирање на комисија која ќе изврши попис на побарувањата од вработените и ќе предложи соодветно постапување за истите.

## 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Општина Шуто Оризари донела Програма за комунални дејности[16] во чии рамки е предвидена под програма за јавна чистота за која се планирани средства во висина од 5.150 илјади денари. Согласно оваа под програма треба да се распише јавен повик преку кој ќе бидат ангажирани лица за јавни работи, односно метење на улици и тротоари, патеки во паркови, чистење на снег и помош при чистење на диви депонии. Со увид во начинот на кој се реализирала под програмата го констатиравме следново:

- во текот на 2022 година во просек месечно општината ангажирала по 40 лица за што се исплатени вкупно 16.921 илјада денари, односно 3 пати повеќе од планираните средства за оваа намена;
- лицата се ангажирани со договор за повремено ангажирање на месечно ниво преку авторска агенција, без да се распише јавен повик, што не е во согласност со член 84 и член 85 став 1 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, кој предвидува јавните работи да се распишуваат јавно и под еднакви услови достапни за сите невработени, кои се пријавени во Агенцијата за вработување;
- извршените исплати се без соодветна поткрепувачка документација со која ќе може да се потврди дека лицата реално ги извршувале работните задачи, што не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници со кој е дефинирано дека внесувањето на податоците во деловните книги на буџетите и буџетските корисници мора да се заснова врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи;
- за вршење на јавните работи на лицата им се исплаќа паричен надоместок кој поединечно се движи од шест до осумнаесет илјади денари, во нето износ, но не е обезбедено осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување, под услови и на начин кои треба да бидат утврдени со договорот што не е во согласност со член 85 став 2 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

[16] Бр.08-467/10 од 15.05.2022 година

Ваквиот начин на ангажирање на лица за јавни работи, укажува на намалена транспарентност при изборот и нееднакви услови за сите невработени, а не обезбеденото право на осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување за работниците при регулирање на меѓусебните права и обврски не дава соодветна заштита во случај на несакани настани и создава ризик од исплата на штети од буџетот на општината. Од друга страна отсуството на поткрепувачка документација со која ќе се потврди извршувањето на работните задачи не дава уверување за законското и наменско трошење на буџетските средства.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за:

- извршување на јавните работи да се ангажираат лица во рамките на планираните средства;
- распишување на јавен повик за ангажирање на невработени лица пријавени во Агенцијата за вработување;
- обезбедување на поткрепувачка документација за извршените работни задачи на ангажираните лица и
- во договорите за ангажирање на лица за вршење на јавни работи, да се регулира правото на осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување.

3.2.2. Во текот на 2022 година од страна на општината се исплатени 3.795 илјади денари за надоместоци на советниците за присуство на седници. Со увид во актите со кои се регулира начинот на пресметка и висината на надоместокот и записниците од одржаните седници го констатиравме следното:

- Советот на општината од претходен состав има донесено Одлука за исплата на надоместокот на членовите на советот[17] во која е предвидено да се врши исплата на надоместок за членовите на советот за секој месец во тековната година согласно со пресметките за исплата на надоместокот и исплатата да се врши и за месеците кога не е одржана седница. Ваквата одлука не е во согласност со член 29-г став 4 од Законот за плата и другите надоместоци од плата за избрани и именувани лица во Република Македонија[18] кој предвидува дека месечниот надоместок за присуство на

[17] број 07-1294/1 од 06.10.2014 година
[18] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/90, 44/90, 11/91, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 , 45/18, 233/18 и Службен весник на Република Северна Македонија 51/23 и 65/23

седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

- Врз основа на оваа Одлука на актуелниот состав на советот исплатени се дванаесет месечни надоместоци, а во текот на годината не се одржани седници во месеците февруари и март. Од записниците од одржаните седници може да се утврди дека во текот на 2022 година се извршени плаќања на советниците кои не присуствувале на одржаните седници. Ова состојба не е во согласност со член 29-г став 2 и 3 од Законот, кој предвидува дека месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец, а се намалува за 30% за секое отсуство од седница на советот и член 12 од Одлуката за извршување на буџет[19].

Ваквиот начин на исплата на средства има за ефект незаконско и ненаменско трошење буџетски средства и зголемени расходи за општината во вкупен износ од 272 илјади денари.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за:

- изменување на одлуката со која се предвидуваат надоместоци на членовите на советот согласно Законот;
- исплатата на месечните надоместоци за членовите на советот да се врши согласно законските прописи, при што за секое отсуство од седниците ќе се врши намалување на надоместокот за 30%, а нема да се исплатува надоместок доколку советниците немаат присуство на ниту една седница во месецот и
- враќање на незаконски исплатените средства на советниците кои ги добиле по основ на месечен надомест за присуство на седници.

## Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на Општина Шуто Оризари за 2022 година со Законот за јавните набавки[20], извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализација на доделените договори за јавни набавки.

[19] бр.08-557/8 од 20.05.2022година
[20] „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/19 и 87/21

Со ревизијата беа опфатени вкупно 17 постапки за јавни набавки кои имаат реализација во 2022 година, од кои 8 постапки се спроведени во 2022 година, 9 постапки во 2021 година. Вредноста на склучените договори во ревидираните постапки изнесува 20.413 илјади денари без вклучен ДДВ, што опфаќа 100% од вкупната реализација на договорите во 2022 година во износ од 15.594 илјади денари.

3.2.3. Во текот на 2022 година исплатени се средства во вкупен износ од 1.108 илјади денари за набавка на стоки и услуги од различни добавувачи без да бидат спроведени постапки за јавни набавки (Прилог бр.1).

Ваквото постапување не е во согласност со член 40 од Законот за јавните набавки кој предвидува спроведување на постапки за јавни набавки за стоки или услуги чија вредност го надминува вредносниот праг од 1.000 евра во денарска противвредност.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за сеопфатно планирање на вкупните потреби за набавки на стоки, услуги и работи согласно реалните потреби и расположливите средства и спроведување на соодветни постапки за јавни набавки.

## 4. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 24.11.2023 година до 31.12.2023 година, кај Општина Шуто Оризари за сметка на основен буџет (637) од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност на Општина Шуто Оризари, сметката на основен буџет (637) за 2009 година при што е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

## 5. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфат на ревизијата.

## 6. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот Општина Шуто Оризари, застапувано од:

- Курто Дудуш, Градоначалник на Општина Шуто Оризари од 08.11.2021 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 7. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако

поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Општина Шуто Оризари, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

## 8. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот Општина Шуто Оризари одржан на ден 18.01.2024 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на градоначалникот на Општина Шуто Оризари не се доставени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

Сметка на основен буџет (637)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2022 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 71.932 | 49.358 |
| **Вкупно приходи** | | **71.932** | **49.358** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 12.768 | 11.234 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 34.370 | 22.934 |
| Каматни плаќања | 3.2.3. | 2 | 10 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 4.180 | 573 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 209 | 86 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **51.529** | **34.837** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 15.603 | 10.921 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **15.603** | **10.921** |
| **Отплата на главнина** | 3.4. | **4.800** | **3.600** |
| **Вкупно расходи** | | **71.932** | **49.358** |

ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

Сметка на основен буџет (637)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| Актива | | | | |
| | | | | |
| **Тековни средства** | | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | 5.428 | | 3.959 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 3.418 | | 3.418 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 5.198 | | 15.808 |
| **Вкупно тековни средства** | | **14.044** | | **23.185** |
| | | | | |
| **Постојани средства** | | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 1.342 | | 1.791 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 48.996 | | 42.365 |
| **Вкупно постојани средства** | | **50.338** | | **44.156** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | 4.3. | 21.992 | | 25.323 |
| **Вкупна актива** | | **86.374** | | **92.664** |
| | | | | |
| Пасива | | | | |
| **Тековни обврски** | | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 4.264 | | 14.251 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.4.2. | 378 | | 162 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.4.3. | 56 | | 2 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.4.4. | 1.018 | | 949 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.5. | 8.328 | | 7.822 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **14.044** | | **23.186** |
| | | | | |
| **Долгорочни обврски** | 4.5. | **22.132** | | **25.767** |
| | | | | |
| **Извори на средства** | | | | |
| Извори на капитални средства | 4.6.1. | 50.198 | | 43.711 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **50.198** | | **43.711** |
| | | | | |
| **Вкупна пасива** | | **86.374** | | **92.664** |

ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

Сметка на основен буџет (637)

ПРЕГЛЕД

НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2022 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2022 година** | **43.711** | **-** | **43.711** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **9.251** | **98** | **9.349** |
| Набавки | 1.211 | 98 | **1.309** |
| Ревалоризација на капитални средства | 8.040 | | **8.040** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **2.764** | **98** | **2.862** |
| Отпис | | 98 | **98** |
| Амортизација | 2.764 | | **2.764** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2022 година** | **50.198** | **-** | **50.198** |